МАКСТАТ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

# А П Д

## АНКЕТА ЗА ПОТРОШУВАЧКА НА ДОМАЌИНСТВАТА

Скопје, 2018

## С О Д Р Ж И Н А

**Општи белези на Анкетата за потрошувачка на домаќинствата** 4

**Упатство за спроведување на Анкетата** 6

Идентификација на домаќинствата 6
Пристап кон домаќинствата 6
Инструменти за спроведување на Анкетата 6

**Упатство за пополнување на дневникот - Образец АПД-1** 7

*Табела 1. Купени производи и услуги* 7
*Табела 2. Потрошени количества од сопствено производство и од подарок* 7
*Табела 3. Трошоци за исхрана и пијалаци надвор од домаќинствата* 7

**Упатство за пополнување на прашалникот-замена за дневник - Образец АПД-2** 8

*Табела II Употребени средства во домаќинството* 8

**Упатство за пополнување на прашалникот за домаќинство - Образец АПД-3** 11

*Домаќинство и членови на домаќинството* 12
Реден број на членот 12
Однос спрема носителот на домаќинството 13
Пол 13
Навршени години на старост 13
Школска подготовка 13

Занимање 14
Општествено-економска положба 15
Потрошувачки единици 17
Националност 17
Земја на раѓање 17
Државјанство 17
Брачна состојба 17
Договорна заедница 17
*Прашања од областа на образованието* 18
*Прашања од областа на здравството* 18
*Изведени податоци врз основа на податоците за членовите на домаќинството* 18
*Податоци за станот и земјиштето* 19
Вид на станот 19
Основ по кој домаќинството го користи станот и корисна површина 20
Инсталации во станот 21
Дали станот има 21
Начин на греење на станот 21
Дали некој од членовите на домаќинството има стан во сопственост на друга адреса 22
Површина на обработливо земјиште 22
*Снабденост на домаќинството со трајни потрошни добра* 22
*Други податоци* 22
*Други издатоци во домаќинството* 22
*Издатоци за земјоделски и мешовити домаќинства* 23
*Рекапитулација на примањата и издатоците на земјоделските и мешовитите домаќинства* 23
*Расположливи средства во домаќинството* 24
*Прашања од областа на социјалната заштита* 24

**Упатство за пополнување на прашалникот за неодзив - Образец АПД-4** 24

## ОПШТИ БЕЛЕЗИ НА АНКЕТАТА ЗА ПОТРОШУВАЧКА НА ДОМАЌИНСТВАТА

АПД се спроведува во согласност со Програмата за статистички истражувања од интерес за целата земја.

**Цел на Анкетата**

Целта на Анкетата е да се приберат податоци за приходите, расходите и потрошувачката на домаќинствата. Покрај тоа, со Анкетата се прибираат и податоци за некои поважни податоци за животниот стандард (услови на домување, начин на загревање на станот-куќата, снабденост со трајни потрошни добра), како и основни податоци за демографските, економските и социолошките карактеристики на домаќинствата.

**Намена на Анкетата**

Прибраните податоци, со примена на соодветни методи, даваат можност да се согледа нивото и структурата на личната потрошувачка во домаќинствата во целина и посебно по одделни социо-економски категории.

Распоредувањето на домаќинствата во социо-економски категории овозможува согледување на постоечките разлики во нивото и структурата на личната потрошувачка на домаќинствата, како битна материјална компонента на животниот стандард на населението.

Освен тоа, податоците од Анкетата се користат за изработка на пондерите за пресметка на индексот на трошоците на животот, за пресметка на билансот на личната потрошувачка на населението и друго.

**Предмет на Анкетата**

Во согласност со целите и намената, со Анкетата се прибираат следниве податоци:

- основни податоци за членовите на домаќинствата;
- висина на расположливите средства според изворите (парични средства и вредност на натуралната потрошувачка);
- висина на употребените средства според намената на потрошувачката (набавка во готово и на кредит и вредност на натуралната потрошувачка);
- количества на потрошени производи за лична потрошувачка (набавени количества и количества од сопствено производство);
- податоци за станот и условите на домувањето;
- снабденост со трајни потрошни добра;
- субјективни мислења на домаќинствата за животниот стандард.

**Примерок**

Во Анкетата за потрошувачка на домаќинствата, што ќе се спроведува континуирано во 15-дневни интервали во текот на **2018** година, дизајниран е двоетапен стратификуван примерок. Примерокот е репрезентативен за целата територија на Република Македонија и за осумте региони (Скопски, Пелагониски, Вардарски, Североисточен, Југозападен, Југоисточен, Полошки и Источен регион).

Рамката за избор (пописни кругови од Пописот 2002 година) е поделена на 16 стратуми. Стратификацијата е територијална според НТЕС3 осумте региони и според типот (градско и останато). Пописните кругови и домаќинствата се избираат случајно во рамките на овие стратуми. На ваков начин случајно се избрани 5040 домаќинства распространети низ целата територија на Република Македонија.

Примерокот е без замена.

**Единица на набљудување**

Единица на анкетирање е секое, според планот на примерокот избрано самечко или повеќечлено домаќинство.

**Извештаен период и време на анкетирање**

Извештаен период е периодот за кој се прибираат податоците, односно со Анкетата податоците се прибираат за три месеци, освен за дневникот и замената за дневникот со кои се собираат податоци за 15 дена.

**Метод на анкетирање**

Во Анкетата се применуваат два метода: метод на водење на дневник од страна на анкетираното домаќинство и методот на интервју врз база на прашалници.

**Територијален опфат**

Анкетата за потрошувачка на домаќинствата се спроведува на целата територија на Република Македонија.

## УПАТСТВО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АНКЕТАТА

***Идентификација на домаќинствата***

По успешно извршената инструктажа, анкетарите добиваат список со адреси на избраните домаќинства што треба да ги анкетираат. Во списокот на избраните домаќинства се наоѓаат следните податоци:

- ознака на регионот
- назив на општината
- назив и шифра на населеното место
- реден број на пописниот круг
- ознака на контингентот
- ознака на интервалот
- реден број на избраното домаќинство
- име и презиме на носителот на домаќинството
- адреса на станот-куќата каде што живее избраното домаќинство.

Откако ќе го прими списокот со адресите на избраните домаќинства, анкетарот е должен да ги посети сите домаќинства наведени во списокот.

***Пристап кон домаќинството***

Од начинот на настап на анкетарот многу зависи дали домаќинството ќе прифати соработка и учество во Анкетата.

Анкетарот треба:

- да се претстави со име и презиме и да го покаже овластувањето од Државниот завод за статистика за учество во Анкетата како и својата лична карта;
- да ја објасни содржината и целта на Анкетата;
- да ја нагласи важноста за учество на секое избрано домаќинство во Анкетата, бидејќи неучествувањето може да го доведе во прашање успехот на оваа важна и скапа статистичка операција;
- да го запознае лицето дека податоците за лицата се тајни податоци кои претставуваат службена тајна и се заштитени со закон;
- да ја нагласи случајноста на изборот на домаќинството во Анкетата;
- доколку домаќинството не примило писмо со кое се најавува доаѓањето на анкетарот, треба да покаже копија од него.

Доколку членовите на домаќинството одбијат да го примат анкетарот и да учествуваат во Анкетата, анкетарот, по излегувањето од домаќинството, ќе ги забележи причините за одбивањето во образецот АПД - 4.

***Инструменти за спроведување на Анкетата***

Анкетата се спроведува преку 4 основни обрасци:

1. Образец АПД-1 (15-дневен дневник);
2. Образец АПД-2 (прашалник-замена за дневник);
3. Образец АПД-3 (прашалник за домаќинството);
4. Образец АПД-4 (прашалник за неодзив).

**При првата посета**, анкетарот има обврска да го остави дневникот, т.е. образецот АПД-1 во домаќинството. Истовремено тој треба да го објасни начинот на пополнување на дневникот.

Во текот на наредните 15 дена, доколку постојат можности, анкетарот треба телефонски да контактира со домаќинството со цел да праша дали при пополнувањето има некакви проблеми, а и воедно да ги потсети да не заборавиле на таа обврска.

**При втората посета** по истекот на 15 дена, анкетарот повторно се враќа во домаќинството да го земе пополнетиот дневник. Доколку дневникот поради кои било причини не е ажурно пополнет, т.е. за секој ден не се внесени сите податоци за купените производи, анкетарот го пополнува образецот АПД-2 (прашалник-замена за дневник). Во него се евидентираат сите направени трошоци за купените производи и услуги во изминатите 15 дена. Потоа се пополнува образецот АПД-3 (прашалник за домаќинството) со кој се прибираат податоци за членовите на домаќинството, видот на станот, снабденоста со трајни добра, приходите и друго.

Во случај анкетарот да не може да стапи во контакт со избраното домаќинство или пак тоа одбива да биде анкетирано, тогаш треба да се пополни образецот АПД-4 (прашалник за неодзив).

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ДНЕВНИКОТ
## (Образец АПД-1)

Дневникот го води членот на домаќинството кој најдобро е запознаен со потрошувачката во домаќинството.

***Табела 1 Купени производи и услуги***

Во оваа табела треба да бидат впишани сите набавки во период од 15 дена, без оглед на тоа дали набавените производи се платени со пари од семејната каса, од позајмени пари или од некој друг извор и без оглед на тоа дали плаќањето е извршено во готови пари, со чек, кредитна картичка, со поштенска уплатница или некое друго средство за плаќање.

Трошоците се впишуваат секој ден и тоа за секој поединечен производ или услуга, без разлика колку се тие големи или мали. Сите трошоци, детално опишани, се впишуваат на посебна линија. Исто така се запишуваат и набавките што ги направило некое друго лице за домаќинството.

Првата колона го покажува редниот број на купениот производ или услуга.

Втората колона за шифра на производот/услугата се пополнува во статистика.

Во третата колона треба детално да бидат опишани купените производи и услуги, а да не стои само името на производот туку и видот.

Следните две колони се однесуваат на количеството и единицата мерка кои најчесто можат да се видат на пакувањето на производот.

Во колоната "платено во денари" се внесува вредноста која е платена за купениот производ/услуга.

Доколку некој од купените производи или услуги се купени во странство, во соодветната колона "купено во странство" се става знакот "X".

Во оваа табела не треба да се запишуваат трошоците наменети за бизнис, за земјоделско стопанство, ниту пак трошоците за семејни прослави направени во угостителски објекти.

Ако во текот на извештајниот период од 15 дена во домаќинството е купено нешто на кредит или на одложено плаќање, се запишува целиот износ на набавката, без оглед на тоа што ратите ќе се отплаќаат во некој иден период. Ако пак во текот на 15 дена кога треба да се пополнува дневникот, се реализира рата од некоја претходна набавка, тој износ не треба да се евидентира.

Ако во текот на извештајниот период од 15 дена домаќинството оди на одмор, треба да го понесе дневникот со себе и дневно да ги евидентира сите трошоци.

Секој поединечен ден треба да се започне на нова страница во дневникот.

***Табела 2 Потрошени количества од сопствено производство и од подарок***

Во оваа табела се внесуваат податоци за потрошените количества на производи од сопствено производство (градина, бавчи или земјоделски имот) како и потрошените количества земјоделски производи добиени на подарок.

Домаќинствата кои дома сами подготвуваат некои производи (леб, кисело млеко, јувки, зимница, џем, сокови, ракија, вино) треба да ги прикажат само потрошените количества на суровините од сопствено производство или од подарок за нивната изработка.

***Табела 3 Трошоци за исхрана и пијалаци надвор од домаќинството***

Во оваа табела се внесуваат податоци за направените трошоци за исхрана и пијалаци вон домаќинството (ресторани, кафулиња, сендвичари, работнички или училишни мензи и сл.).

Доколку во предвидената табела нема повеќе слободни редови, т.е. сите се пополнети, во тој случај се користат дополнителните табели на крајот од дневникот, наведувајќи го датумот кога се направени трошоците.

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАШАЛНИКОТ-ЗАМЕНА НА ДНЕВНИК
## (Образец АПД-2)

При втората посета на домаќинството, доколку анкетарот констатира дека дневникот поради кои било причини не е ажурно пополнет, т.е. за секој ден не се внесени сите податоци за купените производи, анкетарот го пополнува образецот АПД-2 (прашалник-замена за дневник). Во него се евидентираат сите направени трошоци за купените производи и услуги во изминатите 15 дена. При доставувањето на материјалот до Регионалното одделение, анкетарот треба да го достави и неадекватно пополнетиот дневник и замената за дневник.

### I. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ ЗА ДОМАЌИНСТВОТО

Податоците во оваа табела се преземаат од образецот за домаќинството АПД-3.

### II. УПОТРЕБЕНИ СРЕДСТВА ВО ДОМАЌИНСТВОТО

Во основниот прашалник (Образец АПД-2) употребените средства во домаќинството се распоредуваат според намената и групата.

Во врска со тоа, во прашалникот, во делот за исхрана и пијалаци, се предвидени три колони и тоа колоната 3 за купените количества, колоната 4 за вредноста која е платена и колоната 5 за потрошените количества од сопствено производство и примени на подарок (натурална потрошувачка).

Количествата на зеленчук и овошје купени во свежа состојба, а наменети за преработка-конзервирање во домаќинството, се искажуваат во свежа состојба кај соодветните видови зеленчук, односно овошје.

Количествата се искажуваат во единици мерки со еден децимал.

За разлика од исхраната, пијалаците, огревот и осветлувањето, за сите останати производи од овој прашалник предвидена е само една колона за платената вредност во денари.

**Производи од жито (001-005)**

Со овој дел од прашалникот се прибираат податоци за купените и потрошените количества на жито и производи од жито. Кај домаќинствата кои сами печат леб, подготвуваат јувки и други тестенини, се искажуваат количествата на потрошеното брашно, а не потрошувачката на леб и тестенини.

**Месо (006-011)**

Во овој дел од прашалникот се внесуваат податоци за купените и потрошените количества свежо месо и месни преработки. Живата мера на добитокот кој е купен за колење треба да се изрази во килограми чисто месо.

**Риба (012-013)**

Во овој дел од прашалникот се внесуваат податоци за купените и потрошените количества свежа и замрзната речна и морска риба, како и податоци за преработки од риба.

**Млеко, млечни производи и јајца (014-018)**

Се внесуваат податоци за купените и потрошените количества на млеко, млечни преработки и јајца.

**Масло и маснотии (019-021)**

Се внесуваат податоци за купените и потрошените количества на масло за јадење и маснотии.

**Овошје (022-025)**

Во овој дел од прашалникот се внесуваат податоци за купеното и потрошеното свежо и сушено овошје.

**Зеленчук (026-030)**

Во овој дел од прашалникот се внесуваат податоци за купениот и потрошениот свеж и преработен зеленчук.

**Шеќер, мармалад, чоколада и кондиторски производи (031-036)**

Во овој дел од прашалникот се внесуваат податоци за купените количини.

**Други прехранбени производи (037-039)**

Се внесуваат податоци за купените количини на други прехранбени производи во врска со исхраната.

**Кафе, чај, какао и безалкохолни пијалаци (040-041)**

Се внесуваат податоци за купените количества.

**Алкохолни пијалаци и тутун (042-046)**

Се внесуваат податоци за купените количества на алкохолни пијалаци и тутун во домаќинствата.

**Ткаенини, конфекција, друга облека и услуги за облека (047-056)**

Со овој дел на прашалникот се прибираат податоци за издатоците за купување на сите видови ткаенини, конфекција, друга облека, како и издатоци во врска со шиењето и услугите за облека.

**Обувки, поправка и одржување на обувки (057-060)**

Се прибираат податоци за издатоците на домаќинството за набавка на обувки, за прибор и услуги за одржување на обувки.

**Станарини (061)**

Со овој дел на прашалникот се прибираат податоци за издатоците на домаќинството во врска со домувањето (станарина, кирија).

**Материјали за одржување на стан (062-063)**

Со овој дел на прашалникот се прибираат податоци за издатоците на домаќинството во врска со купените материјали и платените услуги за одржување на станот.

**Комунално-станбени услуги (064)**

Со овој дел на прашалникот се прибираат податоци за издатоците на домаќинството за платена вода и ѓубретарина.

**Огрев и осветлување (065-070)**

Со овој дел на прашалникот се прибираат податоци за количините и издатоците на домаќинството во врска со купениот огревен материјал и платената електрична енергија, како и издатоците за услуги во врска со греењето.

**Мебел, покривки за под и текстил за домаќинството (071-074)**

Со овој дел на прашалникот се прибираат податоци за издатоците на домаќинството за мебел, теписи, постелнина и сл.

**Електрични апарати за домаќинството (075-082)**

Со овој дел на прашалникот се прибираат податоци за издатоците на домаќинството за односните производи.

**Садови и прибор (083-087)**

Со овој дел на прашалникот се прибираат податоци за издатоците на домаќинството за односните производи.

**Алати за куќа, градина и други нетрајни производи (088-093)**

Со овој дел на прашалникот се прибираат податоци за издатоците на домаќинството за алати за куќа и градина, средствата за чистење и одржување на станот и градината, како и други услуги во домаќинството.

**Лекови, помагала, здравствени и болнички услуги (094-100)**

Со овој дел на прашалникот се прибираат податоци за издатоците на домаќинството за нега на здравјето.

**Сообраќајни средства, делови и горива и сообраќајни услуги (101-111)**

Со овој дел на прашалникот се прибираат податоци за издатоците на домаќинството за купени возила, делови и горива за нив, како и платените трошоци за добиените услуги во железничкиот, патниот и воздушниот сообраќај.

**ПТТ услуги (112-114)**

Со овој дел на прашалникот се прибираат податоци за издатоците на домаќинството за добиените ПТТ услуги.

**Средства за рекреација (115-126)**

Со овој дел на прашалникот се прибираат податоци за издатоците на домаќинството за средства за рекреација како и за нивна поправка.

**Услуги за култура и разонода (127-136)**

Со овој дел на прашалникот се прибираат податоци за издатоците на домаќинството за купените билети за спортски и културни настани, трошоците за весници и списанија и сл.

**Услуги за образование (137-140)**

Со овој дел на прашалникот се прибираат податоци за издатоците на домаќинството за платена школарина, дополнителни курсеви и др.

**Угостителски услуги (141-143)**

Со овој дел на прашалникот се прибираат податоци за издатоците на домаќинството за исхрана и пијалаци во угостителските објекти како и во работнички, студентски и школски мензи.

**Услуги за сместување (144-145)**

Со овој дел на прашалникот се прибираат податоци за издатоците на домаќинството за сместување во хотели, апартмани, кампови, ученички и студентски домови.

**Лична хигиена и лични работи (146-150)**

Со овој дел на прашалникот се прибираат податоци за издатоците на домаќинството за услуги и предмети за лична хигиена, како и други лични предмети.

**Социјална заштита (151)**

Со овој дел на прашалникот се прибираат податоци за издатоците на домаќинството за сместување во детски градинки, пензионерски и старечки домови.

**Осигурување (152-156)**

Со овој дел на прашалникот се прибираат податоци за издатоците на домаќинството за животно и сите други видови на осигурување.

**Финансиски и други видови услуги (157-160)**

Со овој дел на прашалникот се прибираат податоци за издатоците на домаќинството за односните видови услуги.

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАШАЛНИКОТ ЗА ДОМАЌИНСТВО
## (Образец АПД-3)

ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

Пред да почне со анкетирањето, анкетарот ги впишува идентификационите податоци на првата страна од прашалникот. За таа цел од списокот на избрани домаќинства ги препишува основните идентификациони податоци: шифра на регионот, назив на општината и населеното место, шифрата на населеното место, редниот број на пописниот круг во рамките на општината, контингентот, редниот број на избраното домаќинство во кругот и интервалот во кој се спроведува Анкетата.

Социо-економската категорија на домаќинството анкетарот ќе ја пополни откако ќе ги прибере податоците за членовите на домаќинството.

Идентификационите податоци од првата страница на прашалникот за домаќинство анкетарот ги препишува и во дневникот (Образец АПД-1) односно образецот АПД-2 во соодветните полиња.

СОЦИО-ЕКОНОМСКА КАТЕГОРИЈА НА ДОМАЌИНСТВОТО

На прашањето за социо-економската категорија на домаќинството се впишува шифрата за еден од трите можни одговори:

- земјоделско . . . . . . . . . . . . . . . . . 1
- мешовито . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 2
- неземјоделско . . . . . . . . . . . . . . . 3

Определувањето на домаќинството во една социо-економска категорија се врши врз основа на следните критериуми:

**Земјоделско домаќинство** е она домаќинство кое има сопствено земјоделско стопанство и сите членови на домаќинството работат на него како земјоделци. Ниеден член од ова домаќинство не е во постојан работен однос надвор од стопанството, ниту има приватен занаетчиски дуќан, или член кој е пензионер, со тоа што еден или повеќе членови можат да работат надвор од имотот со цел стекнување дополнителни приходи од земјоделството.

Како земјоделски домаќинства се сметаат и:

- домаќинствата на земјоделски работници без земја чии членови работат на стопанствата кај други индивидуални земјоделски производители,

-старечките земјоделски домаќинства кои имаат стопанство, а се неспособни за работа и земјата им ја обработуваат други, било да плаќаат за обработката, даваат под закуп, а нивните извори на примања произлегуваат од имотот и немаат друг извор на приходи,

-домаќинствата кои по основ на Законот за пензиско и инвалидско осигурување стекнале право на земјоделски пензии,

-земјоделските домаќинства чиј член се наоѓа на привремена работа во странство.

**Мешовито домаќинство** е она домаќинство кое има сопствено земјоделско стопанство, во кое, покрај вработените во стопанството, еден или повеќе членови се со постојан работен однос во претпријатија и организации или имаат сопствено претпријатие во кое вработуваат и други лица; самовработени лица или се лица со лични примања врз основа на минат труд (пензионери).

Ако домаќинството според дадените критериуми има стопанство а сите активни членови се во работен однос или самовработени лица, пензионери и сл. а во слободното време (попладне, недела или празник) работат на стопанството или плаќаат за обработка со нивен надзор исто така се сметаат за мешовити домаќинства бидејќи имаат приход од земјоделство.

**Неземјоделско домаќинство** е она домаќинство кое нема земјоделско стопанство, а еден или повеќе членови се во постојан работен однос во претпријатија и организации или имаат сопствено претпријатие во кое вработуваат и други лица; самовработени лица или се лица со лични примања врз основа на минат труд (пензионери).

*Дефиниција за индивидуално земјоделско стопанство*

Како индивидуално земјоделско стопанство се смета секој земјишен посед со најмалку **10 ари обработливо** земјиште.

Земјишниот посед помал од 10 ари се смета за земјоделско стопанство:

а) ако на него се произведува поради продажба: зеленчук, цвеќе, ароматични и лековити растенија, тутун или афион

б) ако домаќинството поседува поради продажба најмалку:

- една крава и теле или јуне
- една крава и две пораснати грла ситен добиток
- пет пораснати овци
- три пораснати свињи
- четири грла пораснати овци и свињи
- 50 парчиња порасната живина, или
- 20 кошници пчели

## I. ДОМАЌИНСТВО И ЧЛЕНОВИ НА ДОМАЌИНСТВОТО

### 1. Домаќинство

Како домаќинство се смета секоја семејна или друга заедница на лица кои заедно живеат и заеднички ги трошат своите приходи за подмирување на основните животни потреби (домување, исхрана и др.) без оглед дали сите членови постојано се наоѓаат во местото каде е населено домаќинството или некој од нив подолго време престојуваат во друго место поради работа, школување или други причини.

Како домаќинство се смета и секое лице кое живее само и кое нема свое домаќинство во друго место (самечко домаќинство).

Домаќинството може да се состои од едно или повеќе семејства. Член на домаќинството може да биде и лице кое не е во сродство со останатите членови на домаќинството, како и лица кои меѓусебно немаат роднински врски.

### 2. Податоци за членовите на домаќинството

Анкетарот врз основа на изјавите на присутните членови на домаќинството утврдува кои лица се членови на тоа домаќинство во време на анкетирањето.

Анкетарот, откако ќе утврди кои лица го сочинуваат домаќинството, утврдува кој од членовите е лицето кое ќе биде носител на домаќинството. Носител на домаќинството е она лице кое со своите приходи најмногу придонесува во семејниот буџет на домаќинството.

Впишувањето на податоците за членовите на домаќинството се врши одделно за секој член на домаќинството на начин како што е наведен во ова упатство.

### 2.1 Реден број на членот (колона 1)

Редниот број на членот на домаќинството се впишува со непрекинат редослед од 001 (под овој број се впишуваат податоците за лицето на кое се води домаќинството, односно носителот на домаќинството), опфаќајќи ги со наредните броеви сите членови на истото домаќинство, според редослед кој одговара на блискоста на роднинската врска во однос на носителот на домаќинството. Редоследот на блискоста на роднинската врска во однос на носителот на домаќинството е наведен во делот од упатството: Однос спрема носителот на домаќинството. Овој редослед треба да се запази и при впишувањето на редните броеви на членовите на домаќинството. Доколку домаќинството се состои од лица кои меѓусебно не се во роднинска врска, анкетарот го определува редоследот на впишувањето.

Ако во истиот стан живеат и други лица кои не се членови на тоа домаќинство (потстанари), тие не се внесуваат во списокот на членовите на домаќинството.

Лицата кои работат и живеат во станот на домаќинството (домашни помошнички, работници на земјоделски имот и др.), под услов да живеат со членовите на домаќинството во кое работат и заеднички да се хранат со другите членови на домаќинството, а самите тие немаат сопствено домаќинство, односно не се членови на некое друго домаќинство, ќе се сметаат за членови на ова домаќинство.

Како членови на домаќинството не се сметаат лицата кои во текот на изминатите три месеци биле отсутни од домаќинството повеќе од 45 дена.

Учениците и студентите кои домаќинството ги издржува и школува во друго место, без оглед на времето минато вон домаќинството ќе се сметаат како членови на домаќинството.

Како членови на домаќинството не се сметаат привремено присутните лица.

*Забелешка*

Доколку во домаќинството има повеќе од 16 членови, анкетарот ќе земе друг празен образец и ќе продолжи со впишување на податоците од реден број 17, 18 итн., за секој нареден член на домаќинството. Во ваков случај анкетарот, на просторот при врвот на страницата 2 од образецот, над насловот: Податоци за членовите на домаќинството ќе напише: Продолжение, а на страницата 1 ќе ги препише идентификационите податоци.

Во врска со редоследот на впишување на членовите на домаќинството еве и еден *пример*:

Во домаќинство од девет членови заедно живеат родители со три сина и една ќерка. Двата сина се неженети, едниот син е оженет и има дете, а ќерката е омажена. Под претпоставка носител на домаќинството да е таткото, редоследот на впишување би бил следниот.

Во списокот најпрво ќе се впишат родителите, а потоа нивните два неоженети сина, затоа што тие четворица сочинуваат едно потесно семејство. После нив треба да се запише оженетиот син, неговата жена и дете, бидејки тие тројца претставуваат второ потесно семејство во ова домаќинство. На крајот како членови на трето потесно семејство се запишува ќерката и нејзиниот маж.

Редоследот на впишување би бил поинаков ако носител на домаќинството е оженетиот син. Во тој случај најпрво треба да се впише синот, неговата жена и дете, потоа неговите родители и неоженетите браќа и на крајот сестрата и нејзиниот маж.

**2.2 Однос спрема носителот на домаќинството (колона 2)**

Во колона 2 се впишува роднинскиот, односно нероднинскиот однос спрема носителот на домаќинството (на пример: маж, жена, син, ќерка, татко, мајка, брат, сестра итн.).

Во согласност со описниот одговор, се впишува шифрата за роднинскиот однос према носителот на домаќинството:

носител на домаќинството . . . . . . . . . . . . . 0
маж-жена . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1
син-ќерка . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 2
татко-мајка . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .3
брат-сестра . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 4
дедо-баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .5
внук-внука . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .6
зет-снаа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .7
други роднини . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .8
нероднини. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 9

Доколку повеќе членови на домаќинството имаат истоветен сроднички однос спрема носителот на домаќинството, се впишуваат според редоследот на возраста.

**2.3 Пол (колона 3)**

Во колона 3, за секој член на домаќинството се впишува шифрата за полот и тоа:

машки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1
женски . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 2

**2.4 Навршени години на возраст (колона 4)**

Во колона 4, за секој член на домаќинството се впишува податок за навршените години на старост во моментот на анкетирањето.

За таа цел неопходно е анкетарот точно да ја утврди датата (денот, месецот и годината) кога членот е роден.

За лица кои навршиле 99, 100 или повеќе години на животот се впишува шифрата 99.

За деца кои не ја навршиле првата година од животот се впишува 00.

**2.5. Школска подготовка (колона 5)**

Колоната 5 за школска подготовка се пополнува за сите членови на домаќинството.

***За децата од предучилишна возраст и учениците во основните училишта се впишува 0.*** За останатите, во колона 6 се запишува една од следните шифри за највисоката завршена школа со чие завршување лицето стекнало највисок степен на образование:

без школска подготовка . . . . . . . . . . . . . . . 1
незавршено основно образование . . . . . . . . 2
основно училиште . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .3
средно училиште . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 4
виша школа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .5
висока школа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6
специјализација, магистратура, докторат . . 7

**2.6 Занимање (колона 6)**

Во колона 6 се впишува одговорот на прашањето за занимањето за секој член на следниов начин:

1. ***За лица кои вршат занимање,*** се впишува видот на занимањето кое го вршат. Под занимање се подразбира вид на работи кои лицето ги врши со цел стекнување средства за живот.

Занимањето може да се врши со работа во работен однос или со работа кај друго лице или со работа на свој или семеен земјоделски имот, во занаетчиски, угостителски или друг дуќан или во своја куќа (изработка на предмети од домашни ракотворби, шиење, плетење и друго).

Занимањето се определува исклучиво според видот на работите што лицето ги врши, а не според школската или стручната подготовка. Лица кои завршиле иста школа можат да имаат различно занимање, на пример: лице што завршило правен факултет може да биде судија, адвокат, правен советник и др.

Ако лицето нема постојана работа, туку во текот на годината врши различни сезонски работи (на пример: земјоделски работи, работи на сечење на шуми и сл.) занимањето ќе се одреди според работите на кои тоа лице го потрошило најголемиот дел од работното време.

Ако лицето врши две или повеќе занимања, занимањето му се определува според работата на која го троши поголемиот дел од работното време.

Ако членот на домаќинството кој врши занимање се наоѓа на привремена работа во странство, а во текот на последните три месеци бил присутен во домаќинството 45 и повеќе денови, се впишува занимањето што го вршел пред заминувањето на привремена работа во странство.

Ако некое лице не го знае називот на занимањето, во одговорот треба да се опише работата или работите што тоа лице ги работи, на пример: разнесува млеко по куќи, пакува готова стока, пренесува цигли и слично.

На прашањето за занимањето не треба да се впишуваат непотполни и воопштени одговори (на пример: работник, службеник, советник и др.), туку такви одговори од кои може да се определи видот на работата кое лицето ја врши.

***Лица кои не вршат занимања***

2. За лица кои во времето на анкетирање не вршат занимање бидејќи се ***невработени***, како одговор се впишува занимањето кое го вршеле пред прекинот на работата, ако порано работеле, односно занимањето за кое се оспособиле со школување или на друг начин, ако бараат прво вработување. За невработено лице се смета лицето кое е постаро од 15 год. и бара вработување преку Заводот за вработување или на друг начин (преку огласи и слично).

3. За **лица кои се спречени да вршат занимање**, бидејќи се на издржување казна, или подолго време се спречени да го вршат занимањето од други причини, а непосредно пред тоа вршеле занимање, се впишува занимањето кое непосредно пред тоа го вршеле.

***Лица со лични примања***

4. За лица кои не вршат занимања бидејќи се **старосни, инвалидски или семејни пензионери,** како одговор се впишува пензионер.

5. За лица кои не вршат занимања, но **имаат постојан личен приход од имот** кој им служи како средство за живот, се запишува видот на личниот приход (на пример: издава соба, куќа, земја и сл.)

6. За лица кои не вршат занимања, но имаат постојани лични приходи (**воени инвалиди, стипендисти, корисници на социјална помош, лица со лични примања поблиску неопределени и слично**), како одговор на прашањето за занимањето се наведува основата по која го остварува тој приход (на пример: стипендист, корисник на социјална помош и др.).

***Издржувани лица***

7. За женски лица постари од 15 год. кои се **домаќинки** во своето домаќинство, односно најголемиот дел од времето во текот на денот се ангажирани во вршење работи (чистење на станот, готвење, одгледување на деца и сл.) а **не бараат работа**, како одговор се впишува домаќинка.

Во истото домаќинство може да има повеќе женски членови постари од 15 години кои вршат занимање како домаќинки.

Во едно домаќинство ниту едно женско лице не мора да биде домаќинка. Тоа ќе биде случај кога женските членови на домаќинството на возраст од 15 години и повеќе вршат занимање. Исто така и жени постари од 15 години кои имаат лични, старосни или инвалидски пензии или остваруваат средства за живот со лични приходи од имот, и покрај тоа што вршат и работи во своето домаќинство, не се сметаат за домаќинки и како одговор за занимањето на тие лица ќе се впише: пензионер, лице со личен приход од имот и слично.

8. За издржувани лица кои немаат занимање и немаат сопствени постојани приходи туку се издржувани од други лица, како одговор за занимањето се впишува причината поради која се издржувани (на пример: **дете, ученик, студент, старец, старица, неспособен за работа** и слично).

***Шифрирање на одговорот за занимањето од колона 6***

Во согласност со описниот одговор, се впишува шифрата за занимање. Шифрарникот на занимања (троцифрени броеви) е во согласност со Националната класификација на занимања усогласена со ИСЦО08 и е даден во прилог.

**2.7 Општествено - економска положба (колона 7)**

Општествено - економската положба на секој член на домаќинството се определува врз основа на одговорите на прашањето за занимањето, но и со дополнителни информации кои анкетарот треба да ги прибере за секој член на домаќинството. Анкетарот треба врз основа на одговорот на прашањето за занимањето да утврди дали лицето чија општествена-економска положба се определува ***врши занимање*** или се работи за лице кое ***не врши занимање***. За секоја од овие две групи во прилог се дадени можните општествено - економски положби со објаснување кое на анкетарот му овозможува правилно да ја утврди општествено-економската положба на лицето за кое се работи.

***2.7.1 Лица кои вршат занимање***

*Лица во работен однос*

Како лице во работен однос се смета оној член на домаќинството кој своето занимање го врши во претпријатие, организација или има сопствено претпријатие во кое вработува и други лица.
Општ.-економската положба за овие лица се шифрира со шифра.......................10

*Лица во работен однос, кои обработуваат земја*

Во оваа група спаѓаат членовите на домаќинството кои се во работен однос, а во слободното време (попладне, во недела или празник) работат на земјоделското стопанство кое е во сопственост на домаќинството или плаќаат за обработка на земјата со нивни надзор и имаат приходи од земјоделство или приходи од производство на тутун, цвеќе, ароматични растенија и слично.
Општ.-економската положба за овие лица се шифрира со шифра.......................30

*Лица кои повремено работат*

Во оваа група спаѓаат лица кои не се вработени (не се во работен однос) но вршат сезонски работи или вршат занимање врз основа на договор за дело, или привремено вршат разни занимања за плата или друг вид на приход во натура.
Општ.-економската положба за овие лица се шифрира со шифра.......................71

*Активни земјоделци*

Како активен земјоделец се смета секој член на домаќинството кој врши разни земјоделски работи во своето земјоделско стопанство.
Општ.-економската положба за овие лица се шифрира со шифра.......................11

*Неплатени семејни работници на земјоделски имот*

Во оваа група спаѓаат оние членови на домаќинството кои за својата работа на имотот кој е во сопственост на еден од членовите на домаќинството, не добиваат плата, ниту за нив се плаќа пензиско осигурување.
Општ.-економската положба за овие лица се шифрира со шифра.......................51

*Самовработени лица*

Самовработени лица се лица кои имаат сопствено претпријатие со или без вработени, или пак самостојно вршат дејност.
Општ.-економската положба за овие лица се шифрира со шифра.......................12

*Самовработени лица кои обработуваат земја*

Во оваа група спаѓаат членовите на домаќинството кои се самовработени, а во слободното време (попладне, во недела или празник) работат на земјоделското стопанство кое е во сопственост на домаќинството или плаќаат за обработка на земјата со нивни надзор и имаат приходи од земјоделство или приходи од производство на тутун, цвеќе, ароматични растенија и сл.
Општ.-економската положба за овие лица се шифрира со шифра.......................40

***2.7.2 Лица кои не вршат занимање***

*Невработени лица кои примаат надомест за невработени лица*

Во оваа група спаѓаат невработените лица кои биле во работен однос, но останале без работа и примаат надомест за невработени преку Заводот за вработување.
Општ.-економската положба за овие лица се шифрира со шифра.......................13

*Невработени лица кои не примаат надомест за невработени лица*

Во оваа група спаѓаат невработените лица кои биле во работен однос, но останале без работа и не примаат надомест за невработени преку Заводот за вработување и лицата кои за прв пат бараат работа.
Општ.-економската положба за овие лица се шифрира со шифра.......................14

***2.7.3 Лица со лични примања***

*Лица корисници на пензии*

Во оваа група спаѓаат лица кои примаат старосна, инвалидска или семејна пензија.
Општ.-економската положба за овие лица се шифрира со шифра.........................15

*Лица корисници на пензија кои обработуваат земја*

Во оваа група спаѓаат членовите на домаќинството кои се корисници на пензија, а во слободното време (попладне, во недела или празник) работат на земјоделското стопанство кое е во сопственост на домаќинството или плаќаат за обработка на земјата со нивни надзор и имаат приходи од земјоделство или приходи од производство на тутун, цвеќе, ароматични растенија и слично.
Општ.-економската положба за овие лица се шифрира со шифра.......................50

*Лица со други лични примања*

Во оваа група спаѓаат лица со лични приходи од имот, стипендисти, воени инвалиди, корисници на социјална помош и лица со лични приходи кои не се поблиску определени.
Општ.-економската положба за овие лица се шифрира со шифра.......................16

*Лица со други лични примања кои обработуваат земја*

Во оваа група спаѓаат членовите на домаќинството кои се лица со лични приходи, а во слободното време (попладне, во недела или празник) работат на земјоделското стопанство кое е во сопственост на домаќинството или плаќаат за обработка на земјата со нивни надзор и имаат приходи од земјоделство или приходи од производство на тутун, цвеќе, ароматични растенија и слично.
Општ.-економската положба за овие лица се шифрира со шифра.........................60

*Остарени земјоделци*

Во оваа група спаѓаат старци и старици кои се неспособни за работа, а имаат земјоделско стопанство и земјата им ја обработуваат други или ја издаваат под закуп или наполица и на тој начин остваруваат приходи. Нивните приходи се само од земјоделското стопанство и немаат други приходи.
Општ.-економската положба за овие лица се шифрира со шифра.........................21

*Лица кои ја отуѓиле сета земја* што ја поседувале во полза на општествениот сектор и *оствариле право на пензија.*
Општ.-економската положба за овие лица се шифрира со шифра.........................19

*Лица земјоделци* кои оствариле право на *пензија по основ на уплатување на придонес за пензиско осигурување.*
Општ.-економската положба за овие лица се шифрира со шифра.........................20

***2.7.4 Издржувани лица***

*Домаќинки, деца до седум години, ученици, студенти, лица неспособни за работа и други издржувани лица.*
Општ.-економската положба за овие лица се шифрира со шифра.........................17

**2.8 Потрошувачки единици (колона 8)**

Врз основа на податоците за полот, возраста и занимањето, анкетарот за секој член на домаќинството во колоната "Број на потрошувачки единици" (колона 8) ги запишува потрошувачките единици врз основа на табела дадена во прилог на упатството.

**2.9 Земја на раѓање (колона 9)**

Анкетираните лица треба да ја наведат земјата на своето раѓање. Шифрирањето се врши од страна на анкетарот со троцифрените шифри од *Списокот на држави ИСО 3166.*

**2.10 Државјанство (колона 10)**

Анкетираните лица треба да го наведат своето државјанство. Доколку лицето има и второ државјанство, тогаш треба да се запише само шифрата на првото државјанство. Шифрирањето се врши од страна на анкетарот со троцифрените шифри од *Списокот на држави ИСО 3166.*

**2.11 Брачна состојба (колона 11)**

Како одговор на прашањето се означува оној модалитет кој одговара на законската брачна состојба на анкетираното лице. Доколку лицето е немажена/неженет, вдовица/вдовец или разведена/разведен, се впишува шифрата 1, 3 или 4 и во тој случај се оди на наредното прашање бр.12, а доколку, пак, е мажена/женет, се впишува шифрата 2 и се оди на прашањето бр. 13.

**2.12 Договорна заедница (колона 12)**

Доколку анкетираното лице живее со друго лице во договорна заедница (законски нерегулирана), се впишува 1, а во спротивно 2.

**2.13 Стекнато предучилишно образование (колона 13)**

За секој член на домаќинството на возраст до 30 години се впишува бројот на години поминати во установи за предучилишно образование (детски градинки и забавишта).

**2.14 Највисоко ниво на завршено образование (колона 14)**

За секој член на домаќинството се впишува шифрата за соодветното највисоко ниво на завршено образование за кое има диплома, односно последната завршена година.
Пример 1: Доколку детето е запишано во второ одделение, последно завршено одделение е прво и шифрата за тоа лице треба да биде 3-1.
Пример 2: Доколку детето е прва година во средно, последно завршено одделение е деветто одделение, па шифрата за тоа лице треба да биде 3-9.

Пример 3: Доколку лицето е четврта година во средно, последна завршена година му е трета, шифрата за тоа лице треба да биде 4-3 доколку учи во гимназија или 5-3 доколку учи во средно стручно училиште.
Пример 4: Доколку лицето е прва година на факултет, последна завршена година му е четврта, па шифрата за тоа лице треба да биде 4-4 доколку завршило гимназија или 5-4 доколку завршило стручно средно образование.
Пример 5: Доколку лицето е трета година на факултет, последна завршена година му е втора, шифрата за тоа лице треба да биде 7-2.

За сите деца кои сé уште не одат на училиште и сите возрасни кои воопшто немаат завршено никакво школо, се впишува 1.

**2.15 Дали моментално се школувате (колона 15)**

Доколку лицето се школува, се впишува шифрата 1 и се оди на прашањето бр. 17. Ако лицето не се школува, се впишува шифрата 2 и се оди на следното прашање бр. 16.

**2.16 Зошто не се школувате (колона 16)**

Во зависност од причините поради кои лицето не се школува, се впишува една од наведените шифри.

***Здравство***

**2.17 Дали сте боледувале од хронична болест (колона 17)**

На ова прашање се впишува шифрата 1 или 2, во зависност од тоа дали лицето во последните 12 месеци боледувало од некоја хронична болест (висок крвен притисок, астма, дијабетис, срцеви заболувања, канцерогени заболувања, тешки депресии, и сл.).

**2.18 Дали сте боледувале од акутна болест (колона 18)**

На ова прашање се впишува шифрата 1 или 2, во зависност од тоа дали лицето во последните 30 дена боледувало од некоја акутна болест (настинка, грип, вирусни заболувања или физичка повреда).

**2.19 Побарана медицинска помош (колона 19)**

Доколку лицето во последните 30 дена побарало медицинска помош, се впишува шифрата 1 и се оди на следното прашање бр. 20. Во спротивно, се впишува шифрата 2 и се оди на прашањето бр. 21.

**2.20 Кому сте се обратиле за медицинска помош (колона 20)**

Во зависност од тоа кому сте се обратиле за медицинска помош, се впишува една од наведените шифри.

**2.21 Дали сте здравствено осигурани (колона 21)**

Доколку лицето е здравствено осигурано, се впишува шифрата 1, а во спротивно се впишува шифрата 2.

## II. ИЗВЕДЕНИ ПОДАТОЦИ ВРЗ ОСНОВА НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА ДОМАЌИНСТВОТО

Откако ќе заврши со пополнување на табелата "Податоци за членовите на домаќинството" и откако ќе провери дали ги опфатил сите членови, анкетарот ги пренесува податоците од оваа табела во соодветните полиња во прегледот "Изведени податоци врз основа на податоците за членовите на домаќинството".

**Вкупен број на членови**

Во вкупниот број на членови на домаќинството влегуваат лицата кои во домаќинството биле присутни 45 дена и повеќе во текот на последните три месеци. Овој број се добива со пребројување на впишаните членови во табела I.

Бројот на членовите во работен однос, бројот на активните земјоделци, бројот на самовработените лица, бројот на лицата со лични примања и бројот на издржуваните лица, анкетарот ги одредува врз основа на податоците за општествено-економската положба во занимањето.

**Број на членови во работен однос**

Како членови во работен однос се сметаат оние лица кои во колона 7 се шифрирани со шифра 10 или 30.

**Број на активни земјоделци**

Како активни земјоделци се сметаат оние лица кои во колона 7 се шифрирани со шифра 11, 21 или 51.

**Број на самовработени лица**

Како самовработени лица се сметаат оние лица кои во колона 7 се шифрирани со шифра 12 или 40.

**Број на лица со лични примања**

Како лица со лични примања се сметаат оние лица кои во колона 7 се шифрирани со шифра 13, 15, 16, 19, 20, 50, 60 или 71.

**Број на издржувани лица**

Како издржувани лица се сметаат оние лица кои во колона 7 се шифрирани со шифра 14 или 17.

**Број на потрошувачки единици**

Вкупниот број на потрошувачки единици претставува збир од потрошувачките единици за сите лица во домаќинството.

## ЗАБЕЛЕШКИ НА АНКЕТАРОТ

Во просторот со ознаката: Забелешки на анкетарот, анкетарот треба да ги запише сите оние забелешки што се однесуваат на самиот тек на анкетирањето и тешкотиите што ги имал, а кои битно влијаеле на точноста и целосноста на добиените и запишаните одговори.

Во овој дел анкетарот треба да даде и свое мислење за степенот на соработката на домаќинството.

Во делот за забелешки се даваат и забелешки кои се однесуваат на нецелосната дефинираност на упатствата и тешкотиите кои произлегуваат од тоа.

## III. ПОДАТОЦИ ЗА СТАНОТ И ЗЕМЈИШТЕТО

Со овој дел од прашалникот се прибираат податоци за условите на живеење и површината на користеното обработливото земјиште кое е во сопственост на домаќинството.

Стан претставува секоја градежно поврзана целина наменета за живеење, која се состои од една или повеќе соби со соодветни помошни простории (кујна, шпајз, претсобје, бања и слично) или без помошни простории и има еден или повеќе влезови. Во оваа Анкета како стан се сметаат и станбените простории (соби) кои со помошните простории не сочинуваат градежна целина.

Ако домаќинството живее во нестанбена просторија (визба, деловна просторија и слично) се даваат одговори на сите поставени прашања, со тоа што кај прашањето “Вид на станот” се заокружува бројот 7 (нестанбена просторија).

Ако домаќинството има два стана или две куќи во ист двор, големината на станот се определува според бројот на соби во двата стана (куќи) како да се работи за една градежна целина (ова особено се однесува на селските стратуми).

### 1. Вид на станот

Како *посебна соба* се смета една соба без кујна и бања, евентуално со претсобје, клозет или шпајз, доколку површината на сите помошни простории е под 6 м$^2$ .

*Гарсониера* е стан со една соба, бања и претсобје со мала чајна кујна (помала од 4 м$^2$) или без неа.

*Едн*о*собен стан* може да има една соба со кујна и други помошни простории или една соба без кујна, но со други помошни простории чија површина може да биде и повеќе м$^2$.

*Двособен, трисобен, четирисобен и повеќесобен стан* има 2, 3, 4 или повеќе соби со помошни простории или без нив. Притоа, ваквиот стан може да има или да нема кујна.

Под *нестанбена просторија* се смета онаа просторија чија основна намена не е за живеење, како на пример: визба, таван, деловна просторија, просторија за сместување на производи, добиток и други импровизирани објекти (вагон, приколка, шатор), кои во недостиг на стан се користат за живеење.

Во зависност од видот на станот во кој живее домаќинството треба да се заокружи еден од можните одговори од 1 до 7.

**2. Основ по кој домаќинството го користи станот и корисна површина**

Одговор на ова прашање се дава со заокружување на само еден број.

*Сопственик*

Број 1 се заокружува кога еден од членовите на домаќинството во тој стан е сопственик или сосопственик на станот (односно сопственик само на дел од станот), без оглед на тоа дали домаќинството на другиот сосопственик (односно домаќинствата на другите сосопственици, ако ги има повеќе) живее во тој стан или не.

*Корисник (закупец) на стан во државна сопственост*

Бројот 2 се заокружува кога домаќинството користи стан на неопределено време, врз основа на тоа што еден од неговите членови е корисник (закупец) на целиот стан или на дел од станот (ако се работи за состанарски односи).

Бројот 2 се заокружува и за домаќинствата кои се корисници (закупци) на службен стан врз основа на извршување на занимањето настојник, управник и слично.

*Закупец на стан во приватна сопственост (на целиот стан)*

Бројот 3 се заокружува кога домаќинството користи цел стан врз основа на договор со сопственикот на станот.

*Закупец на стан во приватна сопственост (на дел од станот)*

Бројот 4 се заокружува кога домаќинството користи дел од станот врз основа на договор со сопственикот.

*Сродство (живее кај родители, деца или други роднини)*

Бројот 5 се заокружува кога со домаќинството на родителите истиот стан го користи и домаќинството на женетиот син, односно мажената ќерка. Истиот одговор се дава и во обратна ситуација: кога со домаќинството на синот, односно ќерката живеат и родителите ако се изјасниле како посебно домаќинство.

Бројот 5 се заокружува и за домаќинството на оженетиот внук или внука кои живеат во домаќинството на баба и дедо, како и во други случаи, кога некое домаќинство живее во некој стан со домаќинството на сопственикот, врз основа на сродство.

Бројот 5 се заокружува и во случај кога едно или повеќе домаќинства живеат во некој стан врз основа на сродство, без разлика на тоа дали роднината кој е сопственик на тој стан живее во тој стан или не.

*Друго*

Бројот 6 се заокружува за сите домаќинства населени во деловни простории и простории населени од нужда, односно во простории кои во градежна смисла не претставуваат стан.

*Површина на станот која домаќинството ја користи*

Кај ова прашање се внесуваат податоци за вкупната површина на станот која домаќинството навистина ја користи.

Во површината на станот влегуваат површините на сите соби, кујната на станот, бањата, клозетот, ходниците и сите други помошни простории во состав на станот, како и површините на затворените тераси и веранди. Површината на отворените тераси, балкони и лоѓии не влегува во површината на станот. Помошните простории, како што се на пример, клозети, остави, бањи и слично што се градежно одвоени од главните простории на станот (се наоѓаат во дворот, или во истата зграда, но имаат посебен влез) не се вклучуваат во вкупната површина на станот. Исто така, во површината на станот не влегуваат просториите што имаат директен влез од улица, а се користат како продавница, кафеана, занаетчиска работилница и слично иако тие простории се наоѓаат во рамките на просториите во станот.
Податоците за површината се впишуваат во цели квадратни метри.

**3. Инсталации во станот**

На ова прашање треба да се даде одговор за станот, односно за делот од станот што го користи домаќинството.

1. Се смета дека има водовод ако во станот се вградени водоводни инсталации без оглед на бројот на протечните места во станот и без оглед дали снабдувањето со вода се врши преку градска мрежа или по пат на сопствен хидрофор.

2. Бројот 2 се заокружува кога во станот постои инсталација за канализација приклучена кон јавна канализација, септичка јама, отворен канал и друго.

3. Ако во станот се спроведени инсталации за електрична струја било да се вградени во ѕидовите, или поставени однадвор на ѕидовите (без оглед дали се врзани за надворешна електрична мрежа, или не) се смета дека станот има електрична струја.

4. Централно или етажно греење има тогаш кога станот или дел од него се загрева по пат на инсталации за загревање со пареа, вода од топлана, посебни котли или етажни инсталации.

5. Бројот 5 се заокружува доколку станот има телефонски приклучок.

Во зависност од тоа кои се́ инсталации во комбинација или посебно ги поседува станот, како одговор се заокружуваат броевите од 1 до 5.

**4. Дали станот има**

Се заокружуваат шифрите од 1 до 5 во зависност од тоа дали станот располага со некои од наведените простории.

**5. Начин на греење на станот**

На ова прашање се дава **само еден** одговор според начинот на греење на просториите во станот. Доколку домаќинството го загрева станот на повеќе начини, тогаш се заокружува само оној начин за кој се плаќаат повеќе средства. Броевите 1, 2, 3, 4 и 5 се однесуваат на греење на просториите во станот со помош на инсталација за парно греење.

*а) Централно парно греење*

Бројот 1 се заокружува ако топлинската енергија до станот се дистрибуира од градска или реонска топлана.

*б) Парно греење со сопствена инсталација*

Бројот 2 се заокружува ако топлинската енергија до станот доаѓа од приватно инсталиран котел на електрична енергија, кој може да грее еден или повеќе станови.

Бројот 3 се заокружува ако приватно инсталираниот котел работи на цврсти горива.

Бројот 4 се заокружува ако приватно инсталираниот котел работи на течни горива.

Бројот 5 се заокружува ако котелот работи комбинирано со повеќе видови на горива.

*в) Греење со печка*

Се заокружува еден од понудените одговори во зависност од тоа кој од огревните материјали домаќинството претежно го користи.

Електрична енергија

Бројот 6 се заокружува ако домаќинството користи електрична енергија за затоплување на станот.

Тврди горива

Бројот 7 се заокружува ако домаќинството за огрев користи еден или повеќе огревни материјали како на пример: дрво, јаглен и брикети, како и други тврди горива кои не се наведени.

Течни горива

Бројот 8 се заокружува ако домаќинството за огрев користи мазут, нафта или течен гас како и други течни горива.

Останати горива

Бројот 9 се заокружува доколку домаќинството за затоплување на станот користи други видови на материјал за огрев што претходно не се спомнати.

Домаќинствата кои се греат со дрва од сопствено производство, на полето 46 треба да дадат одговор за потрошеното количество во последните три месеци.

**6. Дали некој од членовите на домаќинството има стан во сопственост на друга адреса**

Бројот 1 се заокружува ако некој од членовите на домаќинството има стан во сопственост на друга адреса.

Бројот 2 се заокружува доколку некој од членовите на домаќинството нема стан во сопственост на друга адреса.

**7. Површина на обработливо земјиште кое се користи**

Се впишува вкупната површина на користеното обработливото земјиште (ораници, бавчи, лозја, овоштарници, ливади) што е во сопственост на членовите на домаќинството. Податоците се впишуваат во хектари и ари.

1 ха = 100 ари = 10000 $м^2$

1 ар = 100 $м^2$

## IV. СНАБДЕНОСТ НА ДОМАЌИНСТВОТО СО ТРАЈНИ ПОТРОШНИ ДОБРА

Овде се внесуваат податоци за трајните потрошни добра (бојлер, фрижидер, електричен шпорет и слично) кои се во сопственост на домаќинството како и трајните добра што домаќинството ги користи во станот за одмор и рекреација.

Во прашалникот не се внесуваат податоци за трајните добра што заеднички ги користат повеќе домаќинства.

За секое трајно добро анкетарот во полињата го впишува бројот на парчиња со кои домаќинството располага (без право на користење од други).

Доколку домаќинството во последните 3 месеци, купило некое од наведените трајни добра, анкетарот треба да ја впише неговата вредност.

## V. ДРУГИ ПОДАТОЦИ

Во овој дел од прашалникот не интересира мислењето на домаќинството за тоа како живеат.

1. Се заокружува една од шифрите од 1 до 4 во зависност од тоа како приходите ги задоволуваат потребите.

2. На прашањето колкави се минималните финансиски средства на месечно ниво со кои домаќинството би можело нормално да живее, запишете го износот во денари.

3. На прашањето број 3 заокружете една од шифрите во зависност од тоа каква е сегашната финансиска ситуација на домаќинствата во однос на ситуацијата од пред една година.

4. На прашањата број 4 и 5 за можноста за задоволување на некоја од наведените потреби, заокружете го бројот 1 за одговор да, или бројот 2 за одговор не. На секое прашање **мора** да се даде одговор.

## VI. ДРУГИ ИЗДАТОЦИ НА ДОМАЌИНСТВОТО

Во оваа табела се внесуваат податоци за трошоците на домаќинството кои не се за лична потрошувачка во последните три месеци. Овие трошоци се распределени во следните групи:

**Членарини, даноци, царини, придонеси и сл. (001-003)**

Се запишуваат платените членарини на одделни членови на домаќинството на општествени организации, политички партии, синдикати и сл. како и издатоците за даноци и уплати за пензиско осигурување.

**Загуби и подароци во пари (004-006)**

Се запишуваат платените парични казни, надоместок на штети, трошоците за свадби и други свечености во угостителски објекти, како и подароците во пари на лица вон домаќинството.

**Отплата на кредити и вратени заеми (007-008)**

Се внесуваат износите на кредитите (потрошувачки и други) што се отплатени во периодот од последните три месеци, без оглед кога се подигнати (пред и за време на анкетниот период). Се запишуваат и износите на вратените заеми на лицата надвор од домаќинството, каса на заемна помош и други.

**Издатоци за стан-куќа (009-013)**

Тука се внесуваат податоците за износите платени во готови пари како и износите на подигнат инвестиционен заем што е потрошен во последните три месеци, за купување на стан-куќа, гаража и стан за одмор и рекреација и земјиште-плац. Тука се внесуваат и издатоци во готови пари како и износот на потрошениот инвестиционен заем (подигнат во последните три месеци) за купување на градежен материјал ако домаќинството градело стан-куќа, гаража и стан за одмор и рекреација, и издатоци за услуги околу ѕидање на наведените објекти. Со овие прашања се опфаќаат и издатоците за поголеми инвестициони одржувања на стан-куќа, гаража и стан за одмор и рекреација. Издатоците за помало (тековно) одржување на стан-куќа (варосување, бојадисување и слично) се внесуваат во дневникот (образец АПД-1) или во образецот АПД-2, бидејќи тие трошоци влегуваат во личната потрошувачка.

**Штедење, позајмици и друго (014-016)**

Тука се внесуваат податоци за висината на приходите кои не биле употребени. Се внесуваат паричните заштеди (во денари или во девизи), кои членовите на домаќинството ги заштедиле во последните три месеци или ги вложиле во банки. Тука се внесуваат и паричните издатоци за купување на хартии од вредност, обврзници и сл.

## VII. ИЗДАТОЦИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ И МЕШОВИТИТЕ ДОМАЌИНСТВА

Во оваа табела се внесуваат податоците за направените трошоци за земјоделското стопанство на земјоделските и мешовитите домаќинства во последните три месеци. Овие издатоци се распределени во групи на трошоци за соодветната намена: згради, машини, земја, добиток, семе, ѓубрива и сл. (001-004).

## VIII. РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА ПРИМАЊАТА И ИЗДАТОЦИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ И МЕШОВИТИТЕ ДОМАЌИНСТВА

Во оваа табела се врши рекапитулација на примањата и издатоците од земјоделското стопанство на земјоделските и мешовитите домаќинства во последните три месеци.

**Примања од земјоделското стопанство-вкупно (001)**

Се внесуваат износите на вкупните примања од земјоделството, овоштарството, лозарството, сточарството, рибарството и други примања од земјоделството остварени во последните три месеци.

**Издатоци од земјоделското стопанство-вкупно (002)**

Се внесуваат износите на вкупните издатоци за земјоделското стопанство направени во последните три месеци. Овој податок се презема од табела ВИИ, ставка 004.

**Нето-примања од земјоделското стопанство (003)**

Овде се искажува позитивната разлика меѓу вкупните примања (001) и вкупните издатоци (002), т.е. вишокот на примањата над издатоците.

**Негативна разлика (004)**

Овде се искажува негативната разлика меѓу вкупните примања (001) и вкупните издатоци (002), т.е. вишокот на издатоците над примањата.

## IX. РАСПОЛОЖЛИВИ СРЕДСТВА ВО ДОМАЌИНСТВОТО

Со оваа табела се прибираат податоци за вкупните расположливи парични средства со кои располага домаќинството во последните три месеци. Се внесуваат паричните примања на сите членови на домаќинството според изворите. Со оваа табела се прибираат и податоци за подигнатите и реализираните потрошувачки и други кредити и за подигнатите инвестициони заеми и кредити за станбена изградба.

Со прашањето број 031 се прибираат податоци за приходите на членовите на домаќинството во натура, а на име на плата, како и вредноста на социјалните пакети.

***Социјална заштита***

Прашањата за социјалната заштита се однесуваат за целото домаќинство и одговорите ги дава членот на домаќинството кој ги дава и останатите податоци во образецот АПД-3.

**1. Примени социјални надоместоци**

На ова прашање, доколку домаќинството во текот на изминатите 30 дена примило некаков вид на социјален надоместок, треба да се заокружи шифрата на институцијата од која надоместокот е добиен (можни се повеќе одговори).

**2. Поднесени барања за социјален надоместок**

Доколку домаќинството во текот на последните 12 месеци поднело барање за некаков вид на социјален надоместок, треба да се заокружи шифрата 1 и да се премине на прашањето бр.4. Во спротивно, се заокружува шифрата 2 и се оди на наредното прашање бр.3.

**3. Причини за неподнесени барања за социјален надоместок**

На ова прашање домаќинството дава еден од можните одговори, и анкетарот ја заокружува соодветната шифра за причина. Домаќинства кои го одговориле на ова прашање, завршуваат со прашањата за делот од социјалната заштита.

**4. Одговор по однос на поднесените барања за социјален надоместок**

Доколку на домаќинството во текот на последните 12 месеци им било одобрено барање за некаков вид на социјален надоместок, треба да се заокружи шифрата 1 и со тоа завршуваат прашањата за делот од социјалната заштита. Во спротивно, доколку било одбиено барањето се заокружува шифрата 2 и се оди на наредното прашање бр. 5.

**5. Причини за одбиено барање за социјален надоместок**

На ова прашање домаќинството дава еден од можните одговори, и анкетарот ја заокружува соодветната шифра за причина.

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАШАЛНИКОТ ЗА НЕОДЗИВ (Образец АПД-4)

Прашалникот за неодзив, анкетарот го пополнува доколку домаќинството од кои било причини одбие да учествува во Анкетата. Исто така и во случаите кога на посочената адреса не живее никој, станот не е за живеење или и покрај двете посети домаќинството е отсутно, анкетарот треба да го пополни овој образец.